# Комисии за односи меѓу заедниците

## Воспоставување, мандат и постоечки искуства

Тетово, 2007

**Издавач:** Здружение "Институт за развој на заедницата "-Тетово
**Адреса:** Љубо Божиновски-Пиш 82, Тетово, Македонија
Телефон: +389-44-340-677; +389-70-250-286
E-mail: cdi@mt.net.mk Интернет страница: www.mic.org.mk

**За издавачот:** Сретен Коцески

**Уредник:** Сретен Коцески

**Соработници:** Димче Јосифовски, Наташа Јаковчевска, Пранвера Касами, Виолета Јосифовска

**Посебна благодарност на:** Александра Бојаџиева

**Лектура на македонски јазик:** Роза Ристоска

**Графичка обработка:** Мирче Новаковски

**Печати: "**Хартија комерц**"**-Тетово

Програмата Бона Менте – зајакнување на капацитети на комисии за односи меѓу заедниците е финансиски поддржана од Организацијата за безбедност и соработка во Европа – Набљудувачка мисија во Скопје.

Содржината на ова издание не значи дека секогаш ги одразува погледите или ставовите на Набљудувачката мисија

CIP – Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски",
Скопје352.075.2:323.1 (497.7) (035)

КОМИСИИ за односи меѓу заедниците / Сретен Коцески,-Тетово:
Здружение "Институт за развој на заедницата",2007.-21 стр.;24 см.

Фусноти кон текстот. – Библиографија: стр. 23
ISBN 978-9989-2626-1-6
1.Сретен Коцески
а) Комисии за односи меѓу заедниците- Општини – Македонија
Прирачници:
COBISS.MK – ID 68115210

# Комисии за односи меѓу заедниците – КОМЗ
## Воспоставување, мандат и постоечки искуства

**ПРЕДГОВОР - ЗА ПРОЕКТОТ....................4**

**КОПИЈА ОД ОВАА БРОШУРА МОЖЕ ДА СЕ ДОБИЕ ВО ПРОСТОРИИТЕ НА ИРЗ, А ЕЛЕКТРОНСКАТА ВЕРЗИЈА СЕ НАОЃА НА WWW.MIC.ORG.MK....................4**

**ВОВЕД....................5**

**1) КОМИСИЈА ЗА ОДНОСИ МЕЃУ ЗАЕДНИЦИТЕ (КОМЗ) .5**

**2) ДЕМОКРАТСКО ОДЛУЧУВАЊЕ....................6**

**II ФОРМИРАЊЕ И РАБОТА НА КОМЗ....................8**

**1) ЗАКОН ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА....................8**

**2) СТАТУТ НА ОПШТИНАТА....................9**

**3) ДЕЛОВНИК....................14**

**4) ПОДДРШКА ОД СТРАНА НА ОПШТИНАТА....................15**

**III МАНДАТ НА КОМИСИЈАТА....................16**

**1) ПРАВНО-ОБВРЗУВАЧКИ ПРАШАЊА....................17**

**2) РАЗРЕШУВА КОНФЛИКТИ И НЕДОРАЗБИРАЊА - СЛУЧАИ КОИ БИ МОЖЕЛЕ ДА СЕ РАЗГЛЕДУВААТ ОД КОМИСИЈАТА....................21**

**3) ПРОМОВИРАЊЕ НА ДОБРИ ОДНОСИ МЕЃУ ЗАЕДНИЦИТЕ – МОЖНИ НАСОКИ ЗА КОМЗ АКТИВНОСТИ.25**

**ПРИЛОЗИ....................28**

**4) СПИСОК НА ОПШТИНИ КОИ ИМААТ ОБВРСКА ДА ФОРМИРААТ КОМЗ....................28**

**5) ПРЕДЛОГ ЗА СОДРЖИНАТА НА ДЕЛОВНИКОТ ЗА РАБОТА КОМЗ....................29**

**IV РЕФЕРЕНЦИИ....................32**

**КОРИСТЕНИ МАТЕРИЈАЛИ/БИБЛИОГРАФИЈА....................32**

# I Предговор - За проектот

“Комисии за односи меѓу заедниците – Воспоставување, мандат и постоечки искуства“ е публикација подготвена во рамките на проектот “Bona Mente Mente” (добра мисла). Цел на проектот е зајакнување на капацитетите на КОМЗ во општините кои имаат законска обврска за нивно формирање. Оваа публикација е наменета за сегашните и идните членови на комисиите,за советниците и општинската администрација како и за сите заинтересирани граѓани. Содржината го опишува начинот на формирање, мандатот и законските обврски на комисијата, како и дава насоки и препораки за работа на комисиите. Содржината е подготвена врз основа на истражувања зна функционирањето на комисиите изработени во текот на 2006 година, анализи на домашните и меѓународните законски регулативи, експертски мислења и интервјуа и разговори во фокус-групи на членови на КОМЗ кои учествуваа на обуките организирани од ИРЗ.

Проектот е финансиски и технички поддржан од Набљудувачката мисија на ОБСЕ. Активностите на ОБСЕ во областа на анализа и поддршка на КОМЗ започнаа на барање на Заедницата на единиците на локална самоуправа (ЗЕЛС). по чие барање, Нна почетокот на 2006, по серија консултации, беше организирана голема конференција на општински и претставници на КОМЗ за толкување на Законот за локална самоуправа и улогата на КОМЗ. При тоа беше изготвен и дистрибуиран до општините модел на статут кој ја регулира работата на КОМЗ.

Копија од оваа брошура може да се добие во просториите на ИРЗ, а електронската верзија се наоѓа ќе можете да најдена **www.mic.org.mk**

# ВОВЕД

## 1) Комисија за односи меѓу заедниците (КОМЗ)

Процесот на децентрализација и системот на локална самоуправа, како една од клучните основи за мирот и стабилноста на државата,им дадоа уште поспецифична улога на институционалните форуми за меѓуетнички дијалог. Имено, една од главните цели вона развојот на децентрализирана власт е *приближување на власта до граѓаните и* обезбедување на форум во кој локалните граѓани можат да ги бранат и развиваат своитенивните локални интереси, придонесувајќи кон мирниот и хармоничен развој на општеството,притоа истовремено почитувајќи ги етничкиот идентитет и интересите на сите граѓани. Развиената локална самоуправа, исто така, создава поволни услови за *отворен социјален дијалог, консензуална демократија и промовирање на активно граѓанско учество*. Сето ова е, исто така, тесно поврзано со можностите што ги нуди една развиена локална самоуправа за економски развој на самите општини, но и на државата во целост.

Во дадениот контекст, државата има подолга традиција во креирање и воспоставување на институционални форми зна дијалог меѓу различните етнички групи. Комисиите за односи меѓу заедниците, дефинирани во Законот за локална самоуправа од 2002 година, се осмислени за инволвирање на различните етнички заедници во процесот на владеење и за да им се дадат на истите подеднакви можности за дебатирање на заеднички прифатливи решенија за прашања кои ги засегаат, односно се однесуваат на нивниот идентитет, без разлика дали тие заедници се претставени во општинскиот совет или не. Така, овие комисии играат двојна улога во социо-политички контекст::

1. овозможуваат институционален дијалог меѓу различните етнички заедници; и
2. се јавуваат како инструмент за овозможување на директно граѓанско учество во процесот на одлучување што го водат избраните претставници.

## 2) Демократско одлучување

Донесувањето на одлуки во демократските системи се заснова на учество на граѓаните преку систем кој се наречкува “претставничка демократија“. Граѓаните избираат свои претставници (членови на Собранието на државата иавно, а на локално ниво членови на Советот на општината на локално ниво), и со овие избори ја пренесуваат моќта на одлучување врз овие избрани претставници. Притоа, Советот има обврска, на најдобар можен начин, да ги претставува интересите на граѓаните. Имајќи го ова на ум, една од најбитните обврски на советниците е да воспостават редовна комуникација со граѓаните за да ги осознаат нивните потреби и во исто време да ги информираат за плановите и активностите кои ги презема Општината.

Пропорционалниот изборен систем не гарантира дека различните заедници кои се застапени во оопштината соодветно ќе бидат застапени и во составот на Советот на општината. Вообичаено, најмногу забелешки се однесуваат на тоа што не секое населено место во општината има “свој“ претставник во Советот. Сепак, советниците ја претставуваат целата општина, без разлика на тоа во кое населено место живеат или на која заедница и припаѓаат. Градоначалникот е избран од страна на сите граѓани на општината и треба да ги претставува интересите на сите заедници и граѓани[1].

При одлучувањето советниците, градоначалникот и општинската администрација мора да водат сметка дека покрај етничките групи во општеството постојат и други видови на заедници кои се разликуваат според половата припадност, староста или друго. Сите овие групи имаат специфични интереси и потреби ,– на пример: жени, деца и младинци, стари изнемоштени лица или луѓе со посебни потреби. Важно е, носителите на одлуки да

[1] Заблуда е мислењето дека Градоначалникот ги претставува само оние граѓани кои гласале за него. Тој, во исто време, мора да се грижи и за интересите на оние кои на изборите не гласале или својот глас го дале на друг кандидат.

овозможат начин или механизми да се слушне мислењето и потребите на овие различни заедници.

Вообичаено е различните поединци и заедници да имаат различна перцепција и приоритети како резултат на нивните индивидуални или групни верувања и убедувања, култура, религија и традиција. Со цел да осигури можност да се слушнат нивните мислења и ставови ,Законот за локална самоуправа предвидува дополнителни механизми[2]. Затоа носителите на одлуки треба да имаат предвид како одредени политики и одлуки влијаат врз односите меѓу различните заедници. Комисијата за односи меѓу заедниците – КОМЗ, се воспоставува како форум каде различните заедници (етнички групи) ќе можат да го искажат своетонивното мислење за прашања кои се важни за нивната заедница[3].

| |
|---|
| Концептот на КОМЗ се заснова на постулатот:<br>„Да не ги навредиме чувствата на другите“. |

[2] Законот за локална самоуправа во членовите 25 – 30 предвидува механизми за граѓанско учество.
[3] Овие прашања се пропишани со Законот за локална самоуправа, член 41 и за нивно усвојување е предвидена посебна процедура на гласање, со цел да се спречи надгласување на мнозинството.

## II Формирање и работа на КОМЗ

Комисиите за односи меѓу заедниците (КОМЗ) се регулирани со Законот за локална самоуправа од 2002 година. Членот 55 од Законот предвидува обврска дека: “Во општината во која најмалку 20% од вкупниот број жители на општината, утврден на последниот извршен попис на населението, се припадници на одредена заедница, се формира Комисија за односи меѓу заедниците.

### 1) Закон за локална самоуправа

Законот за локална самоуправа предвидува:

1. Обврска за општините да формираат КОМЗМ;
2. Надлежностите на Ккомисијата:
   - а. да ги разгледува прашањата кои се однесуваат на односите меѓу заедниците застапени во општината;
   - б. да дава мислења; и
   - в. предлози за начините за нивно решавање;
3. Обврски за Советот на општината:
   - а. да ги разгледа мислењата и предлозите од Комисијата;
   - б. да донесе одлука во врска со мислењето и предлозите од Комисијата.

Член 55
Комисија за односи меѓу заедниците

(1) Во општината во која најмалку 20% од вкупниот број жители на општината, утврден на последниот извршен попис на населението ,се припадници на одредена заедница се формира Комисија за односи меѓу заедниците;
(2) Комисијата ,од ставот (1) на овој член, ја сочинуваат подеднаков број претставници од секоја заедница застапена во општината;
(3) Начинот на избор на членовите на Комисијата се уредува со статут;

(4) Комисијата ги разгледува прашањата кои се однесуваат на односите меѓу заедниците застапени во општината и дава мислења и предлози за начините за нивно решавање;
(5) Советот на општината е должен да ги разгледа мислењата и предлозите од ставот (4) на овој член и да одлучи во врска со нив.

Покрај општините кои имаат законска обврска и секоја општина која смета дека има потреба да го подобри дијалогот меѓу заедниците кои живеат на нејзина територија, може да формира КОМЗ. Со формирање на оваа Комисија, општината овозможува форум преку кој ќе може да го слушне мислењето на помалите заедници кои не се соодветно претставени во Советот на општината и да воспостави дијалог меѓу заедниците.

Советот на општината е обврзан да гио разгледа мислењето и предлозите на КОМЗ и да донесе одлука[4] во врска со нив[5].

### 2) Статут на општината

Деталите околу формирањето и работата на Комисијата се регулирани со Статутот на општината кој определува:

-1. Кои заедници, присутни во општината, ќе бидат претставени во Комисијата;

-2. Процедури за избор на претставници од секоја заедница како членови на КОМЗ;

-3. Членови на комисијата:
  - број на членови;
  - број на претставници (членови) од секоја заедница.;

[4] Советот на општината мора да гио разгледа предлозите на КОМЗ и да донесе одлука во рок од 60 дена. Советот притоа не е обврзан да ги прифати предлозите, но во случај на неприфаќање, треба да даде образложените.

[5] Закон за локална самоуправа 2002, член 55.

## Заедници

Определувањето кои заедници треба да бидат претставени во Комисијата претставува предизвик, имајќи предвид дека во секоја општина постојат заедници кои се застапени со многу мал број. На пример, според последниот попис на населението од 2002 година, во Дебар се регистрирани само двајца припадници на Влашката заедница. Статутот на општината треба да определи кои заедници ќе бидат застапени во Ккомисијата, земајќи ги предвид резултатите одна последниот попис на население и имот. Советот треба да одлучи кои заедници се застапени во значителен број во општината. Објавувањето на јавен повик може да помогне да се спречи испуштањето на некоја релевантна заедница.

Уставот ги набројува следните заедници: Македонци, Албанци, Турци, Власи, Роми, Срби и Бошњаци.; Овие заедници се групите кои се застапени во најголем број на национално ниво.

Постојат и етнички групи кои немаат големо учество на национално ниво, но се значително застапени во одредена општина и се наведени во пописот како “други”, т.е. Египќани, Хрвати и други. На Пример: КОМЗ во Кичево има претставник на Египќаните, бидејќи оваа етничка група е претставена во значителен број во општината.

## Претставници

Изборот на соодветни претставници на заедниците претставува дополнителен предизвик. Избраните претставници треба да се почитувани и влијателни граѓани во нивната заедница. За разлика од другите комисии на Советот на општината можно е (дури и се препорачува) барем некои од членовите на КОМЗ да бидат надворешни, а не членови на Советот.

Постојат неколку можни начини и методи за избор на членови на Комисијата:

- **Номинирање од општинската комисија за избор и именување** по претходна консултација со релевантните заинтересирани страни (политички партии и регистрирани здруженија и НВОи на заедниците кои живеат на територија на општината);
- **Јавен конкурс** за пријавување на кандидати;
- **Собир на граѓани** на претставници од соодветна заедница[6];
- **Предлог на градоначалникот** кој се потврдува со гласање на советниците;
- **Анкета** за прибирање мислења на претставници на заедниците.

Предности и недостатоци на секој од наведените методи:

| Опис | Предности | Недостатоци |
|---|---|---|
| **Номинирање од општинската комисија за избор и именување** по претходна консултација со релевантните заинтересирани страни (политички партии и регистрирани здруженија и НВОи на заедниците кои живеат на територија на општината). | - потребно е помалку време ;<br>- советниците предлагаат членови во кои имаат доверба и со кои ќе можат да соработуваат. | **кандидатите можат да се почувствуваат политички поврзани;**<br>**секоја политичка партија предлага кандидати од нивното своето членство или симпатизери;**<br>**ограничен избор на кандидати;**<br>**заедниците можат да добијат чувство на наметнати претставници.** |

[6] Процедурата би можело да биде многу слична на процедурата за избор на членови на Месна заедница. Општината може да организира собир на граѓани со јавен повик за избор на членови на КОМЗ.

| | | |
|---|---|---|
| **Собир на граѓани** на граѓани од соодветна заедница организиран од страна на општината.<br>- јавен повик;<br>- слична процедура која се користи за избор на членови на месните заедници . | - јасна процедура;<br>- транспарентност;<br>- објективност.; | - можности за манипулација – со собир на истомисленици и пријатели;<br>- во случај на слаба заинтересираност на заедниците ;<br>- логистика – да се обезбеди соодветен простор;<br>- можни проблеми да се одржува ред и мир . |
| **Јавен конкурс** за пријавување на кандидати | - еднакви шанси – секој заинтересиран граѓанин може да се пријави ;<br>- транспарентна процедура;<br>- можност вистински заинтересираните кандидати да се пријават<br>- транспарентни јавни критериуми;<br>- објективна процедура. | - да се добијат премногу предлози;<br>- зависи од нивото на свесност на заедниците и нивниот проактивен пристап ;<br>- комплицирана процедура . |
| **Предлог на градоначалникот за лица** кои се потврдени со гласање на советниците | - едноставна процедура | - субјективност |

| | | |
|---|---|---|
| **Анкета** на прибирање на мислења на претставници на заедниците | - структуриран пристап;<br>- резултатите лесно се интерпретираат;<br>- транспарентно и објективно. | - комплицирана процедура за да се идентификува целната популација во општината;<br>- можности за да изостават некои членови;<br>- финансиски трошоци . |

*Резултати од истражувањето на ОБСЕ и ИРЗ за работата на КОМЗ[7] во врска со формирањеto и избор на членови*

- *Од вкупно 21 анкетирана општина само 5 изјавиле дека бил објавен јавен повик за избор на членови на КОМЗ.*

- *Во најмногу случаи изборот на членови на КОМЗ бил извршен од страна на Советот на општината, а ггра́ѓаните не биле информираниње за постоењето на Комисијата. Членовите на Комисијата, во најголем број случаи, биле предложени од страна на советници и Комисијата за избор и именување. Во 4 општини НВО и групи на граѓани предложиле членови на Комисијата кои не се советници.*

[7] Во текот на 2006 година ОБСЕ организираше анкетно истражување за да го анализира постоењето и работата на КОМЗ со што беа опфатени 21 општина кои имаат законска обврска да формираат комисии.

Број на членови на КОМЗ и број на претставници на секоја заедница

Законот предвидува дека секоја заедница треба да биде подеднакво претставена во КОМЗ, без разлика на учеството во вкупното население во општината, со цел да се овозможи еднакво право на глас за сите заедници.

*ПРИМЕР: еднаков број значи дека секоја заедница ќе има еден, или два, или три, или повееќе претставници воК комисијата.*

При изборот на вкупниот број на членови на КОМЗ, треба да се води сметка да има доволен број,но за да се овозможи дискусија. На Пример: доколку во општината има само две или три заедници и секоја од нив само по еден претставник во Комисијата, тогаш можностите за дискусија се ограничени на дијалог на двајца или тројца. Во вакви случаи, би било добро, секоја заедница да е застапена со по двајца или тројца претставници и така да се воспостави некаков форум за дискусија. Во друг случај, доколку во општината се застапени 6-7 заедници, номинирањето повеќе од двајца претставници од секоја заедница, ќе доведе до формирање на преголема Комисија и ќе биде многу тешко за работа и дискусија.

Статутот на општината треба да определи оптимален број на членови на КОМЗ за да се овозможи отворена и искрена дебата, овозможувајќи секоја заедница да номинира претставници со различни ставови.

## 3) ДЕЛОВНИК

Деловникот е, исто така, еден формален документ што е релевантен за дорегулирање на сите прашања неопходни за работа на КОМЗ, а без да се преоптоварува содржината на Статутот на општината. За разлика од статутот, Деловникот не претставува законска обврска, туку повеќе е акт зашто е *внатрешна употреба* на КОМЗ и затоа би требало да се изработи и усвои од самата КОМЗ.

Примарната улога на Деловникот е да ги регулира и опише техничките аспекти на организацијата и нејзината работата, вообичаено на телата кои работат на креирање на определени политики и донесување на акти, одлуки и решенија. Главната корист од постоењето на ваков документ е таа што тој комплетно би им ги разјаснил ,на сите подеднакво, основните правила за работа на КОМЗ и би дал впечаток на транспарентно и добро организирано тело, би овозможил поефикасни и поефективни дебати и би помогнал да се избегнат погрешни толкувања околу третманот на прашањата што ги разгледува КОМЗ.

Во конкретниов случај, Деловникот би содржел одредби за деталите околу составот, организацијата и работата (свикување на седници, време на свикување, рокови, права и обврски на членовите во рамките на КОМЗ, административно-техничката поддршка на работата на КОМЗ, начин на комуникација со општинскиот совет и другите релевантни тела). КОМЗ би можеле да побараат техничка помош при изработката на нивните деловници.[8]

## 4) ПОДДРШКА ОД СТРАНА НА ОПШТИНАТА

За да може КОМЗ соодветно да функционира, треба да бидат обезбедени определени услови. За да овозможи работа на Комисијата, општината би требало да ги обезбеди следниве услови:

- **Простор за работа** – просторија за одржување на состаноци на Ккомисијата, работни материјали – пристап до потребните закони, пристап до интернет, простор за подготвителни работи на членовите на комисијата.
- **Административна поддршка –** да обезбеди одговорно лице од страна на општинската администрација кое ќе ги врши административните работи на Комисијата, како на пример , праќање на

[8] За подетални насоки околу содржината на Дделовникот за КОМЗ, ; видете го Прилог II.

покани и друга кореспонденција, фаќање на белешки од состаноците, обезбедување на потребните документи и други материјали.

- **Буџет за работа на Комисијата -** работата на kКомисиите носи определени трошоци поврзани со:
  - *Дневните трошоци* на членовите на КОМЗ. Членовите немаат право на плата, но постои можност за надоместување на нивните дневни трошоци (за превоз и храна) заради присуство на состаноците[9]
  - Буџет за *активностите предложени од Комисијата* – општината би можела да вклучи во својата годишна програма за работа активности предложени од страна на КОМЗ, согласно со планираниот буџет.

## III МАНДАТ НА КОМИСИЈАТА

Сфатено како консултативно тело на Советот и како Форум за овозможување на сите заедници во општината да можат да го претстават своето мислење нза определени теми и прашања, мандатот и улогата на Комисијата би можеле да се сумираат во линија со следниве теми кои се подолу елаборирани:

- **Правно-обврзувачки прашања** поврзани со Ччленот 41 од ЗЛС;
- **Разрешување на конфликти** и недоразбирања ;
- **Промовирање на добри односи меѓу заедниците :**
  - доставување на мислења и препораки до Советот;[10]

[9] Види Закон за извршување на Буџетот на Р.М. 2007, чЧлен 13-14,

[10] КОМЗ дава мислења и препораки на Советот за прашања што потпаѓаат во надлежност на општините, како што се образованието, урбанистичкото планирање, комуналните услуги,

- информирање и појаснување на прашањата на граѓаните (заедниците).

## 1) Правно-обврзувачки прашања

Случаи кои се предмет на дискусија од страна на КОМЗ, согласно со Законот за локална самоуправа

| **Член 41**<br>(Работа на седниците на Советот)<br><br>(3) Прописите кои се однесуваат на културата, употребата на јазиците и писмата на кои зборуваат помалку од 20 % од граѓаните во општината, утврдувањето и употребата на грбот и знамето на општината, се усвојуваат со мнозинство гласови од присутните членови на Советот, при што мора да има мнозинство гласови од присутните членови на Советот кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинско население во општината. |
|---|

Улогата на КОМЗ е да се претстават мислењата на различните заедници и дополнително, да се информираат и самите заедници, особено да им се објаснат состојбиитуации кои немаат етничка конотација, но можеби биле интерпретирани како такви. Земајќи го предвид комплексното социо-економско опкружување и состојби, општините не се секогаш во можност да ги решаваат проблемите на начин и динамика со кои би сакале. Понекогаш има и недоразбирања, дезинформации, шпекулации и озборувања кои водат до погрешно интерпретирање на разните активности кои се преземени.

---

социјалната заштита итн. Општинските надлежности се набројани во член 22 од ЗЛС.

Комуникацијата и транспарентната работа на единицата на локалната самоуправа е една од главните точки за градење на доверба и почитување .

Во случаите кога се носат одлуки по однос на прашања кои се од посебен интерес за заедниците, општинскиот Совет е обврзан да го користи принципот на двојно (таканаречено „Бадинтерово") мнозинство. Законот за локална самоуправа ги наведува следниве прашања:

1. култура култура;
2. употреба на јазици;
3. имиња на улици и други инфраструктурни објекти;
4. определување и употреба на грб и знаме на општината.

Двојното, односно таканареченото „**Бадинтерово мнозинство"** определува дека некои одлуки на општинскиот совет треба да бидат изгласани со мнозинство гласови од присутните членови на Советот, при што мора да има и мнозинство од гласовите на присутните членови на Советот кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во општината.

Ова правило е вметнато во Законот со цел да се стимулира дијалогот меѓу заедниците и да се обезбеди, ,дека за определени прашања , даќе се добие мислење и согласност.

1. Во делот на културата ова правило се применува во следниве случаи[11]:

    - Институционална и финансиска поддршка на културните институции и проекти;[12]

[11] Релевантна е следнава законска регулатива: Закон за култура, Закон за библиотеки, Закон за музеи, Закон за споменици, Закон за заштита на културното наследство
[12] Како пример, изградбата на споменици спаѓа во оваа категорија на прашања.

- Промовирање на фолклорот, обичаите, старите занаети и слични културни вредности;
- Организација на културни манифестации;
- Поддршка на различни форми на творештво.

2. Во поглед на употребата на јазиците, Законот за локална самоуправа дава јасни правила:
   - Во општините, официјален јазик, покрај македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, е и јазикот и писмото што ги користат најмалку 20% од граѓаните на општината; [13].
   - За употребата на јазиците и писмата што се користат од помалку од 20% граѓани во општината, одлука носи општинскиот совет.

55% од населението живее во општини каде барем една заедница е претставена со повеќе од 20% [14].

3. Имињата на улиците, плоштадите, мостовите и другите инфраструктурни објекти се определуваат со одлука на општинскиот совет, со употреба на „Бадинтерово мнозинство“ и со следниве правила:

   - Име на инфраструткурен објект може да биде определено со: географско, етнографско, историско или друго значење, име на истакната личност од историјата, науката и културата, други погодни имиња, како и значаен настан и датум, врз основа на листа на имиња определена од општинскиот Совет по добиена согласност од Владата.

[13] Употребата на јазиците е едно од најчесто покренуваните прашања кога се дискутираат односите меѓу заедниците во општините. Сепак, во многу случаи, заради големите трошоци и финансиската слабост на општините, одложена е потполната имплементација на оваа политика.

[14] Податоци од официјалниот попис на населението и домаќинствата во РМ, од 2002 година.

> Не е дозволено на инфраструктурни објекти да им се даваат имиња кои го навредуваат достоинството на државата, ги навредуваат националните чувства на македонските граѓани и на граѓаните на други држави, *како и ако ги влошуваат односите меѓу заедниците, обичаите и јавниот морал*[15].

4. Определувањето и употребата на грбот и знамето на општината се регулирани со Законот за употреба на знамињата на заедниците во Република Македонија, којшто го вели следново:

   - Општинскиот совет усвојува одлука за определување на надлежното тело за истакнување на знамето на заедницата во општините каде мнозинството на граѓани (над 50%) припаѓаат на определена заедница.

> Има неколку случаи низ општините,каде одлуката за општинскиот грб и знаме е донесена од страна на општинскиот Совет без претходна консултација на КОМЗ. Образложението, вообичаено, е дека прашањето било разрешено на **"повисоко политичко ниво"** и мислењето на КОМЗ не се сметало за релевантно.

Гореспоменатите прашања се сметаат за релевантни за односите меѓу заедниците, што значи дека секогаш кога Советот усвојува пропис поврзан со овие прашања, обврзан е да го земе во предвид мислењето на Комисијата за односи меѓу заедниците. Затоа препорачливо е КОМЗ и општинскиот Совет да воспостават поредовна комуникација за да се обезбеди КОМЗ да биде редовно информирана за релевантните точки од дневниот ред на Советот. На тој начин, Комисијата би имала доволно простор да се состане и да ги продискутира прашањата и дури да се консултира со експерти по некое конкретно прашање. КОМЗ е, исто така, овластена да побара и помош од општинската

[15] Закон за определување на имињата на улиците, плоштадите, мостовите и други инфраструктурни објекти, Службен весник на РМ, 66/2004

администрација при елаборирањето на определени прашања. Како конечен процедурален чекор во овие случаи, КОМЗ го доставува своето мислење/предлог до Советот пред тој да донесе одлука по определеното прашање.

**2) Разрешува конфликти и недоразбирања - случаи кои би можеле да се разгледуваат од Комисијата**

Има случаи кои индиректно можат да поттикнат меѓуетничка нетолеранција и недоверба, или да генерираат губење на доверба. Во секојдневието (како резултат на политичко влијание), има настани и случаи кои луѓето ги интерпретираат како етнички мотивирани или како меѓуетнички конфликт. Понатамошните анализи на овие случаи можат да покажат дека тие не биле етнички мотивирани и дека решението може да се најде со едноставна конструктивна дискусија. Во изминатиот период, како најкарактеристични, беа забележани следните случаи:

a) Спорови околу напасување на добитокот;
b) Уништување / вандализам на гробишта и патни знаци;
c) Споровите меѓу децата во училиштата и споровите на децата на улица;
d) Уништување на автобуси (фрлање камења врз автобуси, возови);

a) Спорови околу напасување на добитокот

Во селата, децата обично се тие кои се грижат за добитокот. Понекогаш, има случаи кога стадото, од небрежност, пасе на погрешни места, на пример, во туѓа нива наместо на јавни пасишта. Овие се секојдневни недоразбирања во руралните области и места каде населението се занимава со сточарство. Вакви случаи постоеле отсекогаш - проблемот настанува кога се презентираат во контекст на меѓуетничките односи.

Забележани се случаи, во етнички мешани општини, стадо да навлезе во гробиштата на соседното село. За жал, доколку е овчарот од друга етничка припадност и случајот се изнесува како намера за меѓуетнички инцидент.

Без намера да навлегуваме во понатамошни анализи на ваквите случаи и нивните мотиви, би сакале да дискутираме за можните решенија[16]. Ваквите банални случаи на човечка небрежност (понекогаш и физички е невозможно да се контролира стадото), лесно може погрешно да се протолкуваат и како резултат на тоа да се подигнат меѓуетнички тензии. Со цел да се спречат ваквите случаи, општинските КОМЗ или дури и советодавнитеГрупи на граѓани[17] треба да ги дискутираат овие случаи, да ги дадат нивните мислења и да предложат можни решенија и превентивни мерки до Советот на општината.

b) Уништување / вандализам на гробишта и сообраќајни знаци

Во изминатите неколку години, медиумите известуваа за неколку случаи на уништување на надгробните плочи и споменици. Сторителите ретко беа откриени. Некои случаи беа резултат на несоодветна детска игра или сторители под дејство на дрога или алкохол. Сепак, овие случаи ја зголемуваа тензијата меѓу населението. За случаите кои немаат валидни објаснувања или информации, „чаршијата“ произведува свои толкувања и приказни. Понекогаш, овие „толкувања“, вклучуваат обвинувања и искази против друга етничка група.

[16] Во минатото, отприлика пред 10 години, особено во руралните области во склоп на месните заедници или селото, постоеше една институција позната како мировен совет составен од постари умни луѓе кои беа еден вид на селски суд на правда и кои посредуваа при разни несогласувања помеѓу граѓаните.

[17] Советодавна Група на граѓани – составена од претставници на локалната полиција, општината, градоначалникот и претставници од граѓаните кои дискутираат за случаите поврзани за безбедносната состојбаитуација во општината.

Вообичаено е јавноста да создава гласини во случаите кога нема доволни факти или пак тие се малубројни. Затоа ќе биде од полза општинскиот Совет да бара КОМЗ да ги разгледа овие случаи и да даде мислење. Ова мислење не ја заменува службената истрага на полицијата, но добро е претставниците од сите етнички заедници, со заедничка изјава, да ги осудат сторителите и вандалското однесување.

Во случаите каде сторителите се познати и/или различни етнички групи се инволвирани, КОМЗ може да организира заеднички средби со претставниците од тие заедници за да дебатираат и да спречат понатамошни тензии или слични состојби и ситуации.

c) Несогласување меѓу учениците во училиште и на улица

Човековата природа е склона кон создавање конфронтации и ривалство, и овие тенденции се прилично присутни во детството. Ривалствата се јавуваат во текот на целиот живот:
- меѓу соседните градови, населени места или навивачките екипи.,. Ривалството е нагласено и меѓу учениците од различни училишта, па дури и меѓу класови во исто училиште. Овие природни ривалства можат понекогаш да ескалираат во вербални или физички пресметки меѓу поединци или групи. Многумина од учениците во одреден момент учествуваат во некакво ривалство.
Неодамнешните случаи на расправија меѓу учениците од средно образование, резултираа со зголемени безбедносни мерки во училиштата. Во екстремните случаи, родителите побараа учениците да учат во посебни училишта, или, ако ова не е можно, наставата да се организираат во различни смени.

Ова е еден од тие проблеми каде КОМЗ може да одигра активна улога работејќи со сите инволвирани и одговорни страни и да се вклучи во дискусии со нив и со претставниците од училиштата (професорите), родителите и учениците. Откривањето на вистинскиот

мотив за конфронтирањето ќе води кон успешно спречување на овие појави.

Воспитувањето на децата е одговорност на целата заедница- заедничка одговорност на семејството, и целото општество. Одгледувањето продуктивни и здрави генерации е од јавен интерес, и многу е битно да се сподели одговорноста и да се здружат напорите. Децата ги имитираат возрасните, но секогаш не знаат соодветно да го толкуваат тоа што го слушаат и гледаат. Однесувањето кое се учи во детството одредува како поединците ќе се однесуваат кога ќе бидат возрасни, и затоа е во интерес на сите, да изнајдеме вистинско и долгорочно решение.

*Случај Сопиште*

*Група ученици на автобуска станица нападнаа ученик од другото населено место. Бидејќи ученикот беше тешко повреден, сите родители од населеното место беа алармирани. Во знак на протест и стравувајќи за безбедноста на нивните деца граѓаните ги запираа автобусите и не им дозволуваа да продолжат со патувањето до населеното место на напаѓачите. Тензиите се подигнаа до таму што за инцидентот беше обвинета целата заедница од соседното населено место.*

*Имајќи ги во предвид чувствителните меѓуетнички односи, за инволвираните во овој случај, полицијата посочи дека нивните постапки можат само дополнително да ја вжештат напнатоста. Беше предложено заедниците да дискутираат за случајот и да се обидат да најдат заедничко решение.*

*Локалниот КОМЗ успеа да ја смири состојбата и предложи неколку мерки и активности за спречување на натамошните тензии или слични инциденти. Комисијата составена од претставници од двете населени места предложи да се организира спортски турнир со мешани екипи од обете заедници. Овие активности беа целосно поддржани од општинските власти.*

d) Каменување на автобуси на јавниот превоз (автобуси и возови)

Во неколку случаи, автобусите на јавниот превоз (и возови) беа каменувани, а забележани се и напади на возачите. Како резултат од таквите инциденти, јавното претпријатие одби да продолжи со вршење на јавниот превоз во тие населени места. Од страна на граѓаните ова беше протолкувано како етнички мотивирана одлука.

Во ваквите случаи, сите страни трпат загуби. Транспортното претпријатие троши пари за поправки на возилата и се соочува со негативен имиџ во јавноста, додека граѓаните се соочуваат со проблемот на немање пристап до јавниот транспорт.

Еден од можните одговори е да се дискутира за тие проблеми и да се направи обиде да се најде заедничко решение. Можеби граѓаните не се задоволни со редовноста на јавниот превоз, а компанијата сигурно има свое гледиште за нападите врз јавниот превоз, наплата на билети итн.

### 3) Промовирање на добри односи меѓу заедниците – можни насоки за КОМЗ активности

Како што претходно веќе споменавме, работата на Комисијата за односи меѓу заедниците е регулирана со Законот за локална самоуправа, Статутот на општината и Деловникот на комисијата. Со цел да се зголеми ефикасноста, препорачливо е Комисијата да изготви и своја годишна програма за работа. Оваа програма треба да ја усвои и Советот на општината и да ја инкорпорира во програмата за работа и буџетот на општината.

Своите активности Комисијата може да ги насочи во некои од следниве области:

Во случаи на конфликт меѓу две или повеќе странки, членовите на КОМЗ можат да се сретнат со секоја од

инволвираните страни за да изградат заеднички став и разбирање за случајот.

Доколку е соодветно, Комисијата може да издаде соопштение или со своја изјава да ги информира граѓаните за нивните иницијативи или видувања по одредени прашања.

Во соработка со Советот на општината, Комисијата може да иницира некои активности кои ќе овозможат соработка и запознавање меѓу заедниците. На пример:

- да се организираат различни средби , културни или спортски активности;
- да се предложиобјават нивно мислење за различни настани кои би можеле да предизвикаат тензии во односите меѓу заедниците

Активности на КОМЗ во општина Сопиште
КОМЗ во Сопиште беше многу активна со доставување на голем број на предлози до Советот на општината во повеќе области:

- инициraше формирање на фудбалска лига на етнички мешани екипи;
- предложи новиот спортскиот центар да се лоцира на централно место ,еднакво оддалечено и еднакво достапно до сите населени места во општината;
- посредуваше во инцидентот на тепачка меѓу младинци;
- заклучоците и предлозите од секоја сесија на КОМЗ редовно се презентираат пред Советот на општината;

**Средба со цел да се подобрат односите помеѓу Арачиново и Брњарци**

**Средба со цел да се подобрат односите помеѓу Арачиново и Брњарци** По иницијативата на градоначалникот на општина Гази Баба, на 17 јануари беше одржана средба помеѓу жителите од Арачиново и Брњарци.На средбата учествуваа градоначалникот на Арачиново,двајца пратеници во Собранието на Република Македонија,претседавачите на месните заедници,раководителите на полициските станици Арачиново и Автокоманда,високи претставници на Министерството за внатрешни работи.

Причина за средбата беше инцидентот кој,според очевидците,беше причинет од област населена со етнички Албанци.

Сите присутни го осудија инцидентот и ја потврдија својата подготвеност да ја интензивираат соработката,со цел да го решат случајот.Исто така ,беше договорено Брњарци и Арачиново да формираат заеднички совет за надминување на проблемите.

На крајот беше договорено следниот состанок да биде организиран во Арачиново

По иницијативата на градоначалникот на општина Гази Баба, на 17 јануари беше одржана средба помеѓу жителите од Арачиново и Брњарци. На средбата учествуваа градоначалникот на Арачиново, двајца пратеници во Собранието на Република Македонија, претседавачите на месните заедници, раководителите на полициските станици Арачиново и Автокоманда, високи претставници на Министрестовото за внатрешни работи.

Причина за средбата беше инцидентот кој, според очевидците, беше причинет од областа населена со етнички Албанци.

Сите присутни го осудија инцидентот и ја потврдија својата подготвеност да ја интензивираат соработката со цел да го решат случајот. Исто така, беше договорено Брњарци и Арачиново да формираат заеднички Совет за надминување на проблемите.

На крајот беше договорено следниот состанок да биде организиран во Арачиново каде што советот ќе биде и официјално формиран.

**Прилози**

### 4) Список на општини кои имаат обврска да формираат КОМЗ

Според анализите на ИРЗ, следните општини имаат законска обврска да формираат КОМЗ. Во секоја од овие општини еднаков број претставници на секоја од споменатите заедници треба да учествува во комисијата. Општината може, според свое наоѓање, да покани и претставници на други заедници кои се застапени во општината со значителен број.

| Реден број | Општина | Заедници кои треба да се претставени во Комисијата |
|---|---|---|
| 1. | Брвеница | Македонци, Албанци , Срби, |
| 2. | Вранештица | Македонци, Албанци , Турци, |
| 3. | Гостивар | Македонци, Албанци , Турци, Роми, Срби, |
| 4. | Дебар | Македонци, Албанци , Турци, Роми, |
| 5. | Долнени | Македонци, Албанци , Турци, Бошњаци, |
| 6. | Зелениково | Македонци, Албанци , Роми, Срби, Бошњаци, |
| 7. | Јегуновце | Македонци, Албанци , Срби, Роми |
| 8. | Кичево | Македонци, Албанци , Турци, Роми, Власи, Срби |
| 9. | Крушево | Македонци, Албанци , Турци, Власи, Бошњаци, |
| 10. | Куманово | Македонци, Албанци , Турци, Роми, Власи, Срби |
| 11. | Маврово и Ростуше | Македонци, Албанци , Турци, |
| 12. | Петровец | Македонци, Албанци , Турци, Роми, Срби, Бошњаци, |
| 13. | Сопиште | Македонци, Албанци , Турци |
| 14. | Струга | Македонци, Албанци , Турци, Роми, Срби, Бошњаци |
| 15. | Тетово | Македонци, Албанци , Турци, Роми, Срби, Бошњаци |
| 16. | Чашка | Македонци, Албанци , Турци, Срби, Бошњаци |
| 17. | Чучер Сандево | Македонци, Албанци , Срби |
| 18. | Скопје | Македонци, Албанци , Турци, Роми, Власи, Срби, Бошњаци |
| 19. | Бутел | Македонци, Албанци , Турци, Роми, Власи, Срби, Бошњаци |
| 20. | Чаир | Македонци, Албанци Турци, Роми, Власи, Срби, Бошњаци |
| 21. | Шуто Оризари | Македонци, Албанци Турци, Роми, Срби, Бошњаци |

## Прилог II

### 5) Предлог за содржината на Деловникот за работа КОМЗ

Откако прашањата во врска со КОМЗ ќе бидат регулирани во општинскиот статут и КОМЗ ќе биде формирана, неколку практични прашања во врска со функционирањето на КОМЗ треба да бидат регулирани со Деловник за работа. Значајно е да се регулираат следните прашања:

- Кој јазик да се користи на седниците на КОМЗ и евентуалното прашање за превод (препорачливо е да се употребува *еден од јазиците кој сите го разбираат*, а за оние кои не се во состојба да го користат, да се обезбеди превод од страна на општинската администрација);

- Детали за составот на КОМЗ: кој може да свика конститутивна седница;, постапката на конституирање;, минимален кворум потребен за конституирање ;

- Постапка за избор на претседател на КОМЗ;

- Овластувања и обврски на членовите на КОМЗ – претседателот треба да биде ˝прв меѓу еднаквите˝, само да управува со седниците и, исто така, да има овластување да ја информира јавноста за работата на КОМЗ. После стандардната листа на права и обврски, во оваа смисла и принципите на толеранција, разбирање, дијалог, аргументираност, треба посебно да бидат нагласени;

- Со каков повод треба да се состанува КОМЗ, колку често и каде;

- Седници на КОМЗ – кој свикува седница, кои се роковите и процедурите за информирање на членовите за седница, како се дефинира и менува агендата, како и кој ја подготвува документацијата која е релевантна за седницата; кој е кворумот за одржување на седница[18], кој фаќа забелешки, како истите се верификуваат; кој дава административна и техничка поддршка и како, како се дебатира и одлучува за различните видови прашања, како сеги доставуваат документите до Советот и до останатите, итн.

[18] Би било добро на седниците да се присутни сите членови за да се одржи балансот помеѓу заедниците

- Како КОМЗ ќе идентификува и избере релевантни прашања. Треба да се направи на еден од следните начини:

  - анализирање на агендите на општинскиот Совет;
  - на иницијатива на општинските советници или комуникација со општинската администрација;
  - на сопствена иницијатива на членовите на КОМЗ;
  - со разгледување на предлози/иницијативи поднесени од граѓаните;
  - со разгледување на предлози од неформални и формални групи граѓани (политички партии, НВО-и, месни заедници);
  - со разгледување на општите акти и одредби во општината и проценка зана нивното влијание при на нивната примената кај различни етнички заедници и нивните односи.

- Начин на верификација на релевантните прашања;

- Тип и формат на документите издадени од КОМЗ;

- Начин на доставување на резултатите од работата на КОМЗ до Советот и до останатите;

- Процедури за прифаќање и промена на Деловникот за работа;

- Користење на технички и инпути од експерти (од администрацијата или надворешни експерти) ;

- Соработка на КОМЗ со останати заинтересирани страни, комуникација со граѓани, транспарентност прина работењето.;

## IV Референции

### V Користени материјали/библиографија

Веб страната на Здружението на единици на локална самоуправа (ЗЕЛС) – www.zels.org.mk, претставува корисна алатка и секогаш содржи голем број информации и новини во врска со развојот на локалната самоуправа. На оваа интернет страница можат да се најдат и информации во врска со работата на КОМЗ како на пример:

- модел на општински статут ;
- препораки за модел членови на општински статут за регулирање на работата на КОМЗ ;


- Закон за локална самоуправа, Службен весник 5/2002;
- Закон за извршување на буџет на Р.М. 2007;
- Закон за култура, Службен весник 59/2003;
- Закон за библиотеки, Службен весник 66/2004;
- Закон за споменици, Службен весник 66/2004;
- Закон за заштита на културното наследство, Службен весник 20/2004;
- Закон за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти, Службен весник 66/2004.